## 3.2. Девизни движења

*Во јуни 2003 година прометот на девизниот пазар забележа месечно зголемување од 4,5%...*

Во јуни 2003 година прометот на девизниот пазар бележи зголемување од 4,5% на месечна основа, при што реализирани се купопродажни трансакции во вкупна вредност од 280,1 милион САД долари. Трансакциите остварени меѓу банките и претпријатијата сочинуваат 85,8% од вкупниот промет на девизниот пазар. Деловните банки и НБРМ (во помал дел) преку нето-продажба на девизниот пазар во целост одговорија на побарувачката на девизни средства. На крајот на јуни 2003 година на девизниот пазар денарот забележа блага месечна апресијација во однос на еврото од 0,2%, при што се разменуваа 61,28 денари за едно евро. Во јуни 2003 година на девизниот пазар се регистрирани депресијативни движења на денарот во однос на американскиот долар. Така, на 30.06.2003 година на девизниот пазар се разменуваа 53,69 денари за еден американски долар, што претставува месечна депресијација на денарот од 3,4%. Сепак, споредено со јуни минатата година, вредноста на американскиот долар во однос на денарот е намалена за 13,5%. Движењата помеѓу американскиот долар и еврото на светските девизни берзи, од кои зависи односот меѓу денарот и американскиот долар, во текот на јуни беа главно детерминирани од намалувањето на референтната каматна стапка на Европската Централна Банка, заради тоа што инфлацијата во Европската Унија за прв пат после 11 месеци опадна под 2%. Тоа придонесе за слабеење на еврото во корист на американскиот долар, при истовремено подобрување на очекувањата за економската клима во САД.[15]

*...при блага апресијација на денарот во однос на еврото...*

*...и депресијација на денарот во однос на американскиот долар*

Графикон 26
Движење на вкупниот промет на девизниот и менувачкиот пазар
(во милиони САД долари)




*Прометот со девизни средства на менувачкиот пазар забележа месечно намалување од 9,8%*

Во јуни 2003 година, прометот на менувачкиот пазар забележа намалување од 9,8%, достигнувајќи вредност од 106,5 милиони САД долари. Притоа, понудата и побарувачката за девизни средства се пониски за 6,7% и 13,7%, соодветно, а менувачниците извршија нето-откуп на девизни средства од 17,0 милиони САД долари. Во јуни 2003 година на менувачкиот пазар просечниот курс на денарот во однос на еврото изнесуваше 61,50 денари за едно евро, што претставува блага депресијација на денарот во однос на еврото од 0,2%. Во однос на американскиот долар[16], движењата на менувачкиот пазар ги следат флуктуациите остварени на девизниот пазар. Така, на менувачкиот пазар денарот забележа депресијација на месечно ниво од 3,4% во однос на американскиот долар и на крајот на јуни 2003 година се разменуваа 52,95 денари за еден американски долар.

[15] Извор: Raiffeisenbank Austria
[16] Курсот на американскиот долар е преземен од курсната листа за менувачко работење на НБРМ

Графикон 27
Дневен среден девизен курс на денарот во однос на американскиот долар и еврото
(денари за единица странска валута)




*Пораст на бруто девизните резерви на НБРМ...*

Вкупниот девизен потенцијал на Република Македонија во јуни 2003 година забележа пораст од 30,2 милиони САД долари на месечно ниво достигнувајќи вредност од 1.496,8 милиони САД долари. Во оваа насока делуваа порастот на вкупните девизни средства на НБРМ и на деловните банки. Бруто девизните резерви на НБРМ на 30.06.2003 година изнесуваа 803,1 милион САД долари, што претставува месечен пораст од 27,0 милиони САД долари, кој главно е резултат на реализираните приливи од странство.

Графикон 28
Девизен потенцијал на Република Македонија
(во милиони САД долари)




*...при зголемување на девизните средства кај депозитните банки*

Девизните средства кај депозитните банки во јуни 2003 година на месечна основа се зголемија за 5,0 милиони САД долари, што се должи на регистрираниот пораст на девизните депозити на економските субјекти.